КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И
ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE
I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND
PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-273/5
22.07.2021 год.
Скопје

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, постапувајќи по претставката бр. 0801-273/1 од 19.09.2019 година, поднесена од [redacted] од Скопје, преку адвокат [redacted] од Скопје, против Република Северна Македонија – Основен кривичен суд Скопје,за извршена директна дискриминација врз основ на образование што резултирала со нееднаков пристап до права од работен однос од страна на подносителката во однос на друга група граѓани, врз основа на член 27 став 1 и член 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр.258/2020), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 19.07.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**Се утврдува директна дискриминација врз основа на образование извршена од страна на Основниот кривичен суд Скопје кон подносителката на претставката [redacted], во областа работа и работни односи.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 19.09.2019 година до Комисијата за заштита од дискриминација е доставена претставка од [redacted], преку адвокат [redacted], заведена под број 0801-273/1, против Основниот кривичен суд Скопје за извршена директна дискриминација врз основа на нееднаков пристап до права од работен однос и образовен статус.

Во претставката се наведува дека подносителката [redacted] била во редовен работен однос во Основниот кривичен суд Скопје на работно место -дактилограф, со Договор за работа 04 Су. Бр.18/99 од 10.05.1999.

Со донесувањето на Законот за државни службеници (Сл.весник на РМ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001 и 43/2002), со Решение 04 Су.101 од 27.01.2003 година, вработената [redacted] се стекнала со статус-државен службеник и била распоредена на работно место со звање референт – технички секретар на судија. На 30.04.2004 година, со Решение за плата на државен службеник бр. 04 Су 156/2004, на вработената ѝ се определува основна плата според степен на образование – 100 бодови и 0.5% од делот на основната плата за работно искуство, за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20% и додаток на плата за звање – 120 бодови.

Согласно Законот за судска служба (Сл.весник на Рм бр, 98/2008 и 6/09), на подносителката [redacted] ѝ се издава Решение бр. 04 Су 100/2010 од 01.02.2010 година, со кое се стекнува со звање – судски службеник и се распоредува на работно место судски референт-дактилограф од категорија Г 0 , ниво Г-3, за кое на 07.02.2011 година со Решението за плата бр. 04 Су 2/2011, степенот на образование ѝ се вреднува со 100 бодови.

Во текот на работниот однос, [redacted] се стекнала со повисок степен на стручна подготовка со завршени студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со стекнати вкупно 300 ЕКТС кредити ( 180 кредити од првиот циклус студии и 120 ЕКТС кредити од вториот циклус) што го потврдува со Уверението за положени испити од втор циклус, број 09-5/266 мм од 26.10.2016 со кое се стекнува со назив: Магистер по право од областа- казнено право (Master of Laws LL.M). Дополнително, подносителката доставува и Уверение за положен правосуден испит бр. 08-3025/1 од 06.11.2017 година.

На 07.09.2018 година, до Претседателот на Основен суд Скопје 1, подносителката [redacted] поднела барање за признавање на бодови за соодветен степен на образование со кое се стекнала во текот на работната кариера.

Со Решението на Претседателот на Основен суд Скопје 1 г. [redacted], 04 Су бр. 50/2018-4 од 12.09.2018 година, на [redacted] ѝ се утврдиле 150 бода за степенот на образование во основната компонента за плата, односно степенот на образование ѝ се вреднувал на ниво на вишо образование, иако во член 67 став 2 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ 43/14, 33/15, 98/15, 06/16) делот на плата за степенот на образование кое го стекнал судскиот службеник се вреднува на следниот начин:

- Завршен VII/3 степен или 480 кредити според ЕКТС – 250 бодови;
- Завршен VII/2 степен или 300 кредити според ЕКТС – 225 бодови;
- Завршен VII/1 степен или 240 кредити според ЕКТС – 200 бодови;
- 180 кредити според ЕКТС – 175 бодови;
- Вишо образование – 150 бодови и
- Средно образование -100 бодови.

Незадоволна од погореспоменатото Решение, [redacted] на 28.09.2018 година поднела Жалба до Советот на судска служба како надлежен орган за остварување и заштита на правата на судската служба и за одлучување во втор степен по жалби и приговори на одлуки донесени од судските органи. Во истата, [redacted] пред Советот ги поднесува и следните докази обезбедени согласно Законот за слободен пристап до информации(Сл. Весник на РМ бр 13/2006) од кои јасно се гледа дека други судови на вработените на ниво Г – Г1, Г2, Г3 и Г4, кои засновале работен однос со пониско ниво на образование, а во текот на работниот однос се стекнале со повисок степен на образование, во целост го почитуваат членот 67 став 2 од Законот за судска служба:

1. Апелационен суд Гостивар, допис СПИ 2/19 од 28.01.2019 г, доставува анонимизирано решение за плата на вработен со утврдено ниво Г2- стручен судски службеник од второ ниво со звање виш судски референт, заради накнадно стекнатите 180 кредити според ЕКТС, на вработениот му признава 175 бодови за степен на образование;

2. Апелационен суд Битола, допис СПИ 01/19 од 24.01.2019 година, доставува Решение за плата Су 04-12/2018 од 12.04.2018 година, со кое на работникот В.Д. на работно место од категорија Г, ниво Г1 – самостоен судски референт, на име на дополнително стекнат повисок степен на образование му се признаваат дополнителни 50 бодови, односно вкупно 200 бодови за степен на образование;

3. Основен суд Струга, допис СПИ бр.3/19 од 30.01.2019 год, доставува три анонимизирани Решенија за плата:
* Решение Су-04 бр.12/18 од 13.04.2018, со кое на судскиот службеник А.Х. на работно место Г3 – помошно-стручен судски службеник од трето ниво и звање судски референт-дактилограф, за степен на образование му се признаваат 225 бодови, затоа што истиот доставил Диплома за завршени студии на Правниот факултет на

Меѓународниот универзитет од Струга со 300 кредити според ЕКТС со која се стекнал со звање – Магистер по правни науки;
* Решение Су-04 бр. 8/18 од 05.04.2018 г, со кое на вработениот судски службеник А.Д. на работно место Г4-помошно стручен судски службеник од четврто ниво со звање – помлад судски референт, на име на степен на образование му се признаваат дополнителни 75 бодови, односно вкупно 175, поради завршени студии од прв степен на Правниот факултет при Меѓународниот универзитет во Струга, со стекнати 180 кредити според ЕКТС;
*Решение СУ-04 бр. 7/18 од 03.04.2018 година, со кое на вработениот судски службеник Ф.П. на работно место Г4 – помошно-стручни судски службеник од четврто ниво, со звање – помлад судски референт му се признаваат дополнителни 100 бодови, односно вкупно 200 бодови, заради што доставил Уверение за дипломирање на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Тетово, со што се стекнал со 240 кредити според ЕКТС.

4. Основен суд Кичево, во дописот СПИ бр. 1/2019 од 28.02.2019 година, потврдува дека на еден службеник со утврдено ниво на работно место Г, ниво Г4, со звање – помлад судски референт, за пресметување на месечна плата му биле признаени 175 бодови за степен на образование;

5. Апелационен суд Скопје, со дописот СПИ бр. 2/19 од 28.01.2019 година, доставува три анонимизирани решенија:
* Решение СУ 521/18-9 од 24.12.2018, со кое на судскиот службеник Е.М. на работно место од категорија Г, ниво Г4 – помлад судски референт од четврто ниво, му се утврдуваат 175 бодови на име степен на образование, затоа што доставил Уверение издадено од Државниот универзитет во Тетово за стекнат повисок степен на образование и признаени 180 кредити според ЕКТС;
* Решение СУ-521/18-16 од 24.12.2018 година со кое на судскиот службеник Л.К. на работно место од категорија Г, ниво Г2 – виш судски референт за степен на образование му се утврдуваат 175 бодови, откако доставил Уверение од државниот универзитет во Тетово за стекнат повисок степен на образование и 180 ЕКТС кредити;
* Решение СУ-521/18-7 од 24.12.2018 година, со кое на судскиот службеник Н.Ш. на работно место од категоријата Г, ниво Г-4 и звање -помлад судски референт од четврто ниво, му се утврдуваат 200 бодови за степен на образование, откако доставил Уверение од Државниот универзитет во Тетово, со кое се стекнал со звање дипломиран правник со VII/1 степен високо образование;

6. Основен суд Охрид, копија од Решение за плата од 22.03.2018 година, со кое на судскиот службеник А.К., со утврдена категорија на работно место Г, ниво Г4, распореден на работно место помлад судски референт му се утврдуваат 200 бодови за степен на образование откако доставил доказ за стекнато повисоко образование – 240 кредити според ЕКТС.

7. Копија од електронска преписка од 13.09.2018 г, со овластено лице- имател на информации од Основниот суд во Прилеп, во кое се потврдува дека Основниот суд во Прилеп „позитивно одговорил на барањата од судски службеници за признавање на бодови за завршено повисоко образование во текот на работниот однос";
8. Управен суд Скопје, во анонимизираното Решение Су-04 бр.0402-233/18 од 20.07.2018 год, на судски службеник со утврдена категорија на работно место Г, ниво Г2, на работно место виш судски референт, на име на степен на образование му се утврдуваат 225 бодови, откако се стекнал со повисок степен на образование, односно 300 кредити според ЕКТС.

Од сите овие докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека тврдењето на подносителката на претставката [redacted] дека врз неа е извршена директна дискриминација по

основ на образовен статус во споредба со вработени во други судови, со исти или слични ситуации и споредливи параметри, го оцени како веројатно.
Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од ЗСЗД, на 28.05.2021 година ја достави претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-273/1 до субјектот што е посочен како потенцијален дискриминатор – Основниот суд Скопје 1, Скопје на произнесување во законскиот рок од 15 дена околу наводите во истата, со што согласно член 26 од ЗСЗД, товарот на докажување дека не е сторена дискриминација премина на Основниот кривичен суд Скопје.

Произнесувањето од страна на Основниот кривичен суд Скопје, 03 Су.бр.272/21 од 11.06.2021 година, потпишано од Претседателот на Судот, г.[redacted], во архивата на КСЗД стигна на 08.07.2021 година и е заведено под архивски број 0801-273/4. Во одговорот на претставката, Основниот кривичен суд Скопје, тврди дека не е извршена дискриминација кон подносителката кога во Решението за плата, степенот на образование ѝ се вреднува со 150 бодови, повикувајќи се на членот 65 став 1 од Законот за судска служба каде се утврдува дека вработениот во судската служба има право на плата и надоместоци на плата кои одговараат на неговото работно место според услови и критериуми утврдени со ЗСС и/или колективен договор.

Во прилог на своето тврдење, тие го напоменуваат и ставот 1 од членот 67 од ЗСС, во кој стои дека при утврдувањето на основната плата на судскиот службеник се вреднува соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација на работните места, за работното место на кое е распореден службеникот, како и неговото работно искуство. Дополнително, тие се повикуваат и на членот 74 од Правилникот за внатрешна организација и систематизацијата на работните места во Основниот суд Скопје 1, Скопје (02 Су.бр.21/15, 30/15, 30/15-1), каде за работното место судски референт – дактилограф, како посебни стручни квалификации предвидено е **НАЈМАЛКУ** вишо или средно образование. Во образложението, ова го толкуваат дека во рамките на категоријата Г- помошно стручни судски службеници, соодветен најнизок степен на образование е средно образование а највисок- вишо образование. Со ваквото толкување на Правилникот, тие сметаат дека не направиле никаква повреда на право од работен однос кон судската службеничка [redacted] наведувајќи дека нејзините дополнително стекнати 300 кредити според ЕКТС, *не му биле потребни на работодавачот за конкретното работно место, ниту пак биле побарани од работникот... а веројатно таа ги стекнала заради лична сатисфакција.*

Во продолжение на одговорот, се повикуваат и на Заклучокот од работната средба на граѓанските оддели на четирите Апелациони судови оддржана на 23/24.11.2017 година во Битола, кој во однос на утврдување на платата според степенот на образование, упатува на условите предвидени во членот 67 од Законот за судска служба.

Разгледувајќи ги сите наводи и документи содржани во претставката како и одговорот на истата од страна на Основниот кривичен суд Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став 1, донесе Мислење дека Основниот кривичен суд Скопје, не достави доволно аргументи кои би докажале дека не извршиле директна дискриминација по основ на образовен статус и лично својство, кога на [redacted] не ѝ го признале стекнатото образование од 300 кредити и звање – Магистер по право од областа на кривичното право, **согласно членот 67 став 2 од Законот за судска служба, но и согласно погореспоменатиот ЗАКЛУЧОК на четирите Апелациони судови одржан на 23/24.12.2017 година во Битола, кој гласи:** ***Ако работникот засновал работен однос со понизок степен на стручна подготовка, платата по степен на образование ќе му се зголеми, односно ќе му се зголеми бројот на бодови, според условите предвидени во***

***одредбата од член 67 од Законот за судска служба.*** (Су.бр.03-233/17 од 08.02.2018, предмет: достава на Записник од работна средба на четирите апелациони судови на РМ од 23 и 24 ноември 2017).

Од документацијата е видно дека другите судови постапуваат согласно овој Заклучок и го применуваат членот 67 став 2 од ЗСС и им ги зголемуваат бодовите за степен на образование на судските службеници од категорија Г, кои доставиле доказ за завршен повисок степен на образование. Од сето ова произлегува дека различни судови различно го применуваат Законот за судска служба кон вработени на исти или слични работни позиции со ист или сличен степен на образование, со што се создаваат услови за дискриминаторско однесување кон одредени судски службеници.

Ова е јасен доказ и потврда за извршена директна дискриминација врз [redacted] по основ на образовен статус од страна на Основниот кривичен суд Скопје и претседателот на Судот, [redacted] Со ваквиот акт на дискриминација, вработената [redacted] е ставена во нерамноправна положба во однос на другите судски службеници категоризирани во категорија Г кои работат во останатите судови, односно на [redacted] ѝ се девалвира стекнатиот степен на образование, кога самиот Закон за судска служба во член 55 став 1 предвидува право и должност на судскиот службеник стручно да се оспособува и усовршува.

Дополнително, согласно член 32 став 3 од Законот за работни односи, правата од работен однос утврдени со Устав, закон и колективен договор не може да се одземат или ограничат со акти и дејствија на работодавачот, па со ова повикувањето на одредби од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на Основниот кривичен суд Скопје, не смее да се земе како аргумент за кршење на правото на еднаквост и забраната за дискриминација што се определени со Уставот, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за судска служба, Законот за работни односи, како и сите меѓународни конвенции што Република Северна Македонија ги има ратификувано како членка на Меѓународната организација на трудот. Овие 69 Конвенции се дел од нашиот внатрешен правен поредок и истите поставуваат значајни стандарди во однос на трудовото право.

Согласно член 27 став 2 од ЗСЗД, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по утврдената дискриминација ја носи следнава

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје да ја отстрани повредата на правото на еднаковост што ја извршил издавајќи го Решението 04 Су бр.50-2018-4 од 12.09.2018, со кое на [redacted], судски референт-дактилограф, категорија Г, ниво Г3, не ѝ го признал правото што ѝ го обезбедува членот 67 став 2 од Законот за судска служба **на начин што ќе го поништи ова Решение и ќе ѝ издаде ново со кое ќе ѝ се утврдат 225 бодови за вреднување на соодветниот степен на образование VII/2, или стекнати 300 кредити според ЕКТС, започнувајќи од 07.09.2018 година**, односно од денот кога судската службеничка побарала да ѝ се признаат бодовите за соодветен степен на образование што го стекнала во текот на работната кариера, **најдоцна 30 дена од денот на приемот на ова Мислење** (член 27 став 3 од ЗСЗД).

Напоменуваме дека во ставот 4 од истиот член на Законот, доколку во предвидениот рок не се постапи по оваа препорака, Комисијата поднесува барање за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И
ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE
I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND
PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Советот на судска служба да го преиначи своето Решение ССС бр.83/18 од 15.10.2018 со кое ги отфрлил Жалбата на судската службеничка [redacted] од 28.09.2018 како и Дополнението на Жалбата од 10.10.2018, а го потврдил Решението 04Су бр.50/2018-4 на Претседателот на Основниот суд Скопје 1, со што ги прекршил членовите 13 и 14 од ЗСС и на [redacted] не ѝ овозможил остварување на своите права од работен однос во второстепена постапка, со што ѝ го повредил правото на еднаквост во поглед на вреднувањето на повисокиот степен на образование што го стекнала во текот на работниот однос, а го уживале другите судски службеници вработени во останатите судови. Исто така, Советот на судска служба **СЕ ЗАДОЛЖУВА** на своите членови да им обезбеди соодветна обука и едукација во поглед промоција на еднаквоста, превенција и заштита од дискриминација, во соработка со невладините и граѓанските организации кои работат на ова поле **во рок од 30 дена од донесувањето на ова Мислење.**

Скопје

22.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:

-Совет на Суска служба-бул„Крсте Мисирков" бб.

-Основен Кривичен Суд-Булевар Крсте Петков Мисирков 1, 1000 Скопје

-Претсетадел на Основн Кривичен Суд г-н Иван Џолев- Булевар Крсте Петков Мисирков 1, 1000 Скопје

-[redacted]1000 Скопје